# АДИНГПОКС Н

*Епоксидно лепило без растворувачи за врска помеѓу стар и нов бетон*

*Одговора на: EN 1504-4 /4.4*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Конструктивно лепило наменето за остварување на монолитна врска помеѓу свеж бетон или малтер и постоечки (зацврснат) бетон или друг градежен материјал. Притоа, овозможува остварување на адхезија повисока од јакоста на затегнување на бетонот.

Вообичаено се користи за обработка на конструктивни фуги (при прекини на бетонирањето), поврзување на нови бетонски плочи (кошулици) на постоечка бетонска подлога, при замена или зајакнување на оштетени делови на АБ конструкции - при санации.

Адингпокс Н може да се користи и за залевање на анкери, се користи за конструктивни репарации на бетонски и армирано бетонски елементи, за зголемување на заштитниот слој на арматура, за санација на оштетени и сегрегирани места и др.

## СВОЈСТВА

- Трокомпонентна смеса;
- Нема појава на собирање при процесот на врзување;
- Одлична адхезија за подлога;
- Високи механички карактеристики;
- Висока јакост на притисок;
- Висока јакост на смолкнување;
- Може да се нанесува и на влажна и водозаситена подлога;
- Водонепропусен;
- Еколошки, без растворувачи

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| **Својства** | **Декларирана вредност** |
|---|---|
| Изглед на А компонента | Светло кафена вискозна течност |
| Изглед на Б копмпонента | Килибарна вискозна течност |
| Изглед на Ц компонента | Кварцно полнило |
| Однос на мешање : | А:Б:Ц = 3:1:2 |
| Густина на мешавината: | 1.4-1.5 g/cm$^3$ |
| Температура на апликација: | од 5°C до 30 °C |
| Јакост на притисок (Според EN 12190) | ≥30 MPa |
| Адхезиона јакост (Според EN 12636) | ≥ 2 MPa; (Ломот настанува во бетонот) |
| Јакост на смолкнување (Според EN 12615) | ≥6 MPa |
| Отворено време на работа при Т= 23 °C | 1-2 часа |





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА :

Правилната подготовка на подлогата е од суштинска важност за остварување стабилна врска помеѓу слоевите кои се спојуваат.
Бетонската подлога врз која се нанесува Адингпокс Н треба да поседува високи механички карактеристики, да биде чиста, да се отстранети сите лабилни делови (по механички пат, со водено или суво пескарење). Флеки од масло, средства за површинска обработка на подови и останати загадувачи мора да бидат одстранети. При апликацијата на материјалот несмее да има задржана вода на површината на бетонот.
Амбиенталната температура како и температурата на подлогата при апликација на материјалот треба да биде во граници од +10°C до +30°C.

## ВГРАДУВАЊЕ:

Материјалот се подготвува на тој начин што најнапред се промешуваат А и Б одделно, а потоа се мешаат меѓусебе во чиста и сува метална канта. Компонентите се мешаат во точно дефинираниот однос со електричен мешач (максимум до 300-500 вртежи во минута). При постојано мешање, постепено се додава Ц компонентата и се меша до потполна хомогенизација.
Вградувањето на материјалот се врши со метална глетарка, тврда четка, шпахтла во дебелина од 1 до 2,0 mm. Вградувањето на свежиот бетон (цементна мешавина) треба да се изврши додека е Адингпокс Н сеуште свеж и леплив на допир (во период до 30-60 минути по нанесувањето, во зависност од температурата. Доколку Адингпокс Н стврдне пред да се вгради новата цементно-бетонска мешавина, потребно е пред бетонирањето да се нанесе нов слој по претходно наведената процедура.

## ПОТРОШУВАЧКА

Потрошувачката на материјал зависи од степенот на абсорпција и грубоста на подлогата. Исто така потрошувачката зависи и од температурата при апликација (при пониска температура материјалот згуснува и потрошувачката е повисока).
За дебелина на слој од 1 mm-1,4-1,5 kg/m2

## ЗАЛЕВАЊЕ НА АНКЕРИ:

Доколку Адингпокс Н се користи за залевање на челични анкери, отворите кои се бушат мора да се со дијаметар најмалку 5mm поширок од дијаметарот на анкерот, како и да биде обеспрашен со воздух под притисок. Во зависност од ширината на отворот во кој се вградува анкерот, Адингпокс Н може да се припреми со користење на помала количина или без користење на Ц-компонентата (кварцен песок), со цел да се добие поголема разливност на готовиот материјал и полесно исполнување на просторот помеѓу челичниот анкер и бетонот. Предвидената количина на Адингпокс Н се налева во отворот (до приближно 1/2 од длабочината), а потоа се набива анкерот така што вишокот на материјал се прелива на целиот простор помеѓу анкерот и бетонот комплетно се исполнува. Алтернативно, анкерите можат да се вградат и со налевање, во кој случај отворот треба да биде поширок (најмалку 10mm поширок од анкерот).

## ЧИСТЕЊЕ:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ:

| | |
|---|---|
| Во сет од 6,6 kg. | Во сет од 21 kg |
| А компонента: 3,3 kg. | А компонента: 10,5 kg |
| Б компонента: 1,1 kg. | Б комонента: 3.5 kg |
| Ц компонента: 2,2 kg. | Ц компонента: 7 kg |





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

## СКЛАДИРАЊЕ:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од +10 до +30°C. Рок на употреба 9 месеци.

## CE ОЗНАКА :

| | |
|---|---|
| CE<br>2032 | |
| **АДИНГ А.Д. - Скопје**<br>Новоселски пат (ул.1409)<br>бр.11, 1060 Скопје, Република Северна Македонија<br>16 | |
| 2032-CPR-11.5D<br>EN 1504-4 : 2004<br>**АДИНГПОКС Н**<br>Производ наменет за конструктивно поврзување на постоечки бетон и нов свеж бетон или малтер<br>Трокомпонентно епоксидно лепило | |
| Јакост на притисок | ≥ 30 N/mm$^2$ |
| Адхезивна јакост<br>Јакост на смолкнување | Прекин во бетон<br>≥ 6 N/mm$^2$ |
| Линеарно собирање | < 0,1 % |
| Статички модул на еластичност при притисок | ≥ 2000 N/mm$^2$ |
| Подобност за апликација на влажна подлога | Прекин во бетон |
| Време на вградување – отворено време | ≥ 80 min |
| Време на употребливост (pot-life) | 120±20 на (23±2)ºC |
| Температура на стаклосување | ≥ 40ºC |
| Коефициент на термичка експанзија | ≤ 100·10$^{-6}$ (1/ºC) |
| Истрајност | Поминува |
| Реакција на пожар<br>Опасни супстанции | Евроклаcа F<br>Својството не е определено |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Адингпокс Н и Растворувач П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат близу до отворен оган или да се пуши за време на вградувањето.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс Н се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk